А.Д. Жито Полог

ТЕТОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

**ЈАНУАРИ, 2023**

## 1) ВОВЕД

Службата за внатрешна ревизија е независен дел во организациската поставеност на Жито Полог АД - Тетово и е издвоена од останатите делови, организирана од страна на неизвршните членови од одборот на директори заради помош во оценувањето на работењето на друштвото во целина или на одделни сегменти. Главна цел на службата за внатрешна ревизија е контрола на законитоста и ажурноста на друштвото, спроведување на процедурите за работа во ревидираните процеси за да се добие разумно уверување дека соодветниот сектор или служба работните процесиги извршува во согласност со пропишаните процедури, интерни акти и законската регулатива.

Службата за внатрешна ревизија е во согласност со барањата на Законотот за трговски друштва. Врз основа на членот **415 - а** од Законот за трговски друштва, Правилникот за начинот за вршење на внатрешната ревизија како и планот за работа за 2022 година. Согласно законот за именување и дополнување на Законот за Трговски друштва од 2020 година, Службата за внатрешна ревизија во континуитет ја следи усогласеноста на организацијата и дејствувањето на Друштвото со Кодексот на корпоративното управување.

Службата за внатрешна ревизија за своето работење изготвува полугодишен и годишен извештај за нејзиното работење за 2022 год.   Годишниот звештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации :

- Опис на извршените редовни и вонредни ревизии на работењето;
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола;
- Остварување на годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија во текот на 2022 год.;
- Ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото, следење на усогласеноста на организацијата и дејствувањето на Друштвото во согласност со кодексот на корпоративно управување;
- Наоди и дадени препораки за надминување на идентификуваните слабости, статус и оценка на имплементација на препораките;
- Реализација на годишниот план за работа за 2022 година и останати активности на внатрешната ревизија во текот на овој период.

Во текот на извршувањето на своите активности, Служната за внатрешна ревизија, имаше за цел преку своите активности да ја зголеми вредноста на работењето на Друштвото, преку извршување на обејктивни и релевантни внатрешни ревизии, за да се добие релевантно уверување за ефикасноста и ефективноста на управувањето, функционирањето на интерниот контролен систем и управувањето со ризик.

## 2) ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ ВО 2022 ГОДИНА

Во годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за периодот од Јануари - Декември 2022 година се презентирани активностите на службата предвидени со усвоениот План за внатрешна ревизија за 2022 година. Во табелата која следи е даден преглед на извршените ревизии.

| РБ | ПРЕДМЕТ НА РЕВИЗИЈА | СЕКТОР | НАОД | ПРЕДЛОЖЕНИ МЕРКИ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Контрола на процедура на плаќање на ф-ри** | **Сметководство** | Од извршената ревизија, утврдено е дека целосно се почитува процедурата за плаќање на фактури. | Нема |
| 2 | **Процедура на точење на гориво** | **Механичарска работилница - транспорт** | Од извршената ревизија, утврдено е целосно почитување на процедурата за точење на гориво. | Нема |
| 3 | **Процедура за промена на цени** | **Комерција** | Уредно потпишани предлози за промена на цена. | Нема |
| 4 | **Редовен сервис на возила** | **Транспорт** | Од направената внатрешна контрола, утврдено е дека на возилата редовно се прават сервиси во рамки на пропишаната километража. | Нема |
| 5 | **Лиценци и обуки по ЦБЗР** | **Правен Сектор** | Од направената ревизија, констатирано е дека секој вработен посетил обука по ЦБЗР за соодветното работно место по систематизација. | Нема |
| 6 | **Контрола на процедура за набавка** | **Набавка** | Од направената ревизија, констатирано е дека во целост се применува пропишаната процедура при набавка. | Нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | **Известување кон Македонска Берза** | **Финансов и Директор на правен сектор** | Целосно почитување на законските прописи. | Нема |
| 8 | **Документи при излез на товарно возило** | **Транспорт** | Од направената контрола, утврдено е дека при излез на товарно возило пропратната документација е целосна во согласност со интерните процедури и законските прописи. | Нема |
| 9 | **Работно време** | **Систем Администратор - Капија** | Утврдено е почитување на интерните и законските прописи за работно време | Нема |
| 10 | **Изработка на фактури** | **Магацин за продажба на брашно** | Од направената контрола утврдено е навремено изготвување на фактурите за продажба на брашно, со потребни потписи и соодветни податоци. | Нема |
| 11 | **Интерни документи за производство** | **Млин производство - Магацин** | При извршување на внатрешната ревизија утврдено е навремена евиденција на производството во систем врз основ на интерни документи. | Нема |
| 12 | **Благајничко работење, попис на благајна** | **Благајна** | Од направената контрола на работењето на благајната не се пронајдени одстапувања од процедурата за благајничко работење. | Нема |
| 13 | **Процедура на користење на годишни одмори** | **Раководители на сектори** | При извршување на внатрешната ревизија, утврдено е почитување на законските прописи за правото на годишен одмор кај вработените. Исто така целосно се почитуваат интерните правила на друштвото | Секој раководител да ги изменацира одморите на своите вработени, со цел да не се појави вработен да има неискористен одмор од минатата година после 30 јуни во тековна година |
| 14 | **Користење зимска опрема** | **Сектор Транспорт** | Од направената ревизија утврдено е дека согласно законските прописи за користење на зимска опрема, целосно се почитува законската одредба. | Нема |
| 15 | **Заштита на лични податоци** | **Правен сектор / Цело претпријатие** | Од направената контрола утврдено е дека во Друштвото се функционира согласно Законот за заштита на лични податоци | Нема |
| 16 | **Извоз на брашно - процедура и документација** | **Комерција** | Од направената контрола утврдено е целосно почитување на законските прописи во врска со документацијата, како и почитување на интерните процедури за извоз на брашно. | Нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17 | **Договори со коминтенти** | **Комерција** | Од направената контрола е утврдено дека со дистрибутерите постојат потпишани договори, но поради законските одредби дел од тие договори кај што се рабатите со анекс се корегирани | Нема |

## 3. ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

Во рамките на расположивото време како и на човечките ресурси, Службата за внатрешна ревизија целосно беше фокусирана кон остварување на зацртаните задачи, кои беа поставени согласно годишниот план за работа.

Активностите кои ги реализираше службата во текот на 2022 година беа во согласност со годишниот план за работа, во чија што подготовка пак беа земени во предвид прелиминарните истражувања и оценката за степенот на ризичност, значењето на областа која се ревидира како и промените во работните процеси.

## 4. ОЦЕНКА НА АДЕКВАТНОСТА И ЕФИКАСНОСТА НА СИСТЕМИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

Системот на интерна контрола има за задача да даде оцена на тоа дали интерните контроли ефикасно се спроведуваат, бидејќи внатрешната контрола претставува континуиран процес кој се прилагодува и менува согласно измените на законските прописи и менувањето на технолошките процеси. Внатрешната ревизија при оценувањето на соодветната поставеност и ефикасност на внатрешните контроли во рамките на спроведените ревизорски прегледи направи анализа на следните внатрешни контроли:

- Оценка на усогласеноста на работењето со интерните акти и законската регулатива на ревидираните процеси;
- Оценка на ефективноста и поставеноста на квалитативните и квантитативните контроли во ревидираните процеси;
- Оценка за постоењето на соодветна поделба на одговорности и овластување во ревидираните процеси од системот;

- Оценка на функционирањето на системските контроли во апликативните решенија во ревидираните процеси на системот;
- Оценка на активностите кој се превземени за да се отстранат сите забелешки од страна на внатрешната ревизија.

## 5. ОЦЕНКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА И ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа реализирани сите предвидени ревизии согласно планот за 2022 година. Службата ги следеше измените на сите законски прописи кои се однесуваа на работењето на Акционерското Друштво. Во текот на 2022 година беа направени 17 Ревизии и за секоја од нив е даден извештај до Одборот на директори. По одредени стручни прашања, Внатрешната ревизија беше консултирана и даваше професионални мислења и совети на раководството на друштвото, се со цел поефикасно извршување на законските и работните процеси.

Службата за внатрешна ревизија настојува континуирано да го подобрува професионалниот развој на вработените во внатрешната ревизија. Во 2022 година, со цел навремено запознавање со најновите измени во Законот за трговски друшта, измени од правни и финансиски аспекти, вработениот во службата за внатрешна ревизија учествуваше на повеќе семинари и обуки.

**СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

Младен Андоноски

________________

Тетово, Јануари 2023